РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËSI
Бр.-Nr. 04-545/1
29.04 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24), член 23 став 2 и 4 од Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија” бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23 и 39/25), како и член 14 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 03/2026 од 15.04.2026 година, а согласно Записник/известување- за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр. 04-447/2 од 28.04.2026 година како и Финалната ранг-листа и предлогот одлуката за избор бр.04-447/5 од 28.04.2026 година а во врска со Одлуката за објавување на Јавен оглас бр. 04-445/1 од 14.04.2026 година, в.д директорот на ден 29.04.2026 донесува

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Јавен оглас бр.03/2026 за вработување на административно лице

1. За извршител на работната позиција со звање и назив на работно место Помлад соработник за административно правни работи, со шифра КУЛ 01 02 В04 001
   - Наташа Трајковска

2. По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување на определено време во траење до 31.12.2026г и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите, да се објави на Огласна табла и на веб страницата на Музејот.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на потребата за работници утврдена во Годишниот план за вработување како и измената на Годишниот план за вработување на установата (бр. 01-110/1 од 26.01.2026 година) а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 03/2026 од 15.04.2026 година НУ Музеј на македонската борба за самостојност– Скопје, објави оглас за вработување на административно лице (Помлад соработник за административно правни работи,), на определено време. На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“ и на веб страната на установата, се јави 1 (еден) кандидат за едно објавено слободно работно

место, Помлад соработник за административно правни работи,, со Одлука бр. 04-445/1 од 14.04.2026 година од страна на в.д.директорот на Музејот, а врз основа на номинирани членови од Министерството за култура и туризам (допис 40-4867/2 од 23.04.2026 година) е формирана Комисија за спроведување на дел од постапка за вработување, која изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас за што состави Известување/Записник бр. 04-447/2 од 28.04.2026 година година. Комисијата на ден 28.04.2026 година ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување, односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминаа првата фаза од постапката за што состави записник/известување бр. 04-447/3 од 28.04.2026 година година, а потоа и записник од севкупната постапка за селекција и до в.д. директорот на установата достави Финална ранг листа и предлог одлука за избор со архивски бр. 04-447/6 од 28.04.2026 година година. Од конечната ранг листа на кандидати се утврди дека избраниот кандидат има освоено најголем вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје, во рок од 8 (осум) дена, по нејзиниот прием.

в.д директор
Анче Илиевска

Доставено до:
- Именуваниот
- Кандидатите
- Досие
- Огласна табла
- Архива